**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1103-11/1**
**Скопје, 04.01.2006 година**

**ДО**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Влада на Република Македонија – сметки за донации за 2005 година, кои се прикажани на страните 4 и 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Државниот завод за ревизија има извршено ревизија на финансиските извештаи на Владата на Република Македонија – сметки за донации за 2004 година како година која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- ✓ Владо Бучковски, Претседател на Влада на Република Македонија,
- ✓ Снежана Станковиќ, Генерален секретар на Влада на Република Македонија

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 05.09 до 09.10.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на акти**

Од сметката 040010007878548 СР Германија, ставка Други договорни услуги исплатени се средства во износ од 191 иљада денари, за надоместоци по склучени договори за дело за извршување на менаџерска работа на проектот “Подобрување на Менаџментот на Владата“. Во документацијата нема прилог извештај како потврда за извршената работа, а што е обврска согласно договорот.
Во останатите договори за вкупен износ 126 иљади денари, вршителите на работите не се обврзани да даваат извештаи, за да се оправдаат исплатените надоместоци.

**Препорака:**

Во договорите што се склучуваат за извршување одредени работи да се прецизираат обврски на извршителите, начинот на којшто ќе се потврди извршувањето на преземените обврски како основ за плаќање на надоместоците, како и да се утврдат критериуми за висината на надоместокот на ангажираните лица.

**10.2. Ненаменско и незаконско користење на средства**

При ревизијата на јавните набавки, не се спроведени постапките согласно одредбите на Законот за јавни набавки во вкупен износ од 2.649 иљади денари (Прилог бр.1) и тоа:

- Од сметката 040010007878514 ПРАГ 3 (како елемент од Фаре програмата основана за период од 1996 – 1999 година) во износ од 1.467 иљади денари;
- Од сметката 040010007878548 СР Германија (согласно договорот од 2004 година) исплатени се средства во вкупен износ од 1.173 иљади денари;
- Од сметката 040010007878552 Кралство Норвешка ( врз основа на Меморандум од 2004 година) во износ од 9 иљади денари.

10. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Владата на Република Македонија – сметка за донации на ден 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење, освен во точката 10.2. кај Владата на Република Македонија – сметка за донации остварено е законско користење на средствата во финансиските трансакции.

**Скопје, 03/01/2007 година**



***Ул:"Маршал Тито"бр.12/3***
***Палата Македонија-Скопје;***
***тел: 3211-262; факс: 3126-311***

***Овластен државен ревизор***

______________________

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2005** | **2004** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 34,395 | 8,406 |
| **Вкупно приходи** | **34,395** | **8,406** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 4,558 | 2,909 |
| Субвенции и трансфери | 1,927 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **6,485** | **2,909** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 783 | 233 |
| **Вкупно капитални расходи** | **783** | **233** |
| **Вкупно расходи** | **7,268** | **3,142** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **27,127** | **5,264** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2005** | **2004** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 27,127 | 5,264 |
| Активни временски разграничувања | 92 | 92 |
| **Вкупно тековни средства** | **27,219** | **5,356** |
| **Вкупна актива** | **27,219** | **5,356** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 92 | 92 |
| Пасивни временски разграничувања | 27,127 | 5,264 |
| **Вкупно тековни обврски** | **27,219** | **5,356** |
| **Вкупна пасива** | **27,219** | **5,356** |



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*